# Граѓански права

Секое општество, па и ова во кое денес живееме со идеологијата (колку и да е мирољубива) што ја проповеда, претставува  своевиден извор на конфликти на социјална, религиозна, етничка основа. Како?

Преку своите норми, традиции и вредности, кои не се заеднички за сите негови членови, преку економската диференцијација и класната структура, преку реорганизацијата на политичкиот систем... Во секое општество постои кршење на човековите права, а должност на државата е да ги заштити нив. Во демократските општества постои терминот ″правна држава″ со кој се означува оној степен на поврзаност на државата и правото во кој државата, со помош на правото, ги уредува не само правните односи меѓу поданиците, туку и правните односи внатре во својата организација, како и правните односи меѓу државата и поданиците кои на тој начин стануваат граѓани. “

Основната порака на аглосаксонското право... е токму во тоа дека основните човекови права *постојат уште пред настанокот на државната власт* и затоа таа не смее да ги гази или да ги пречекорува”. Основната тема којашто треба да ја засегнува правната држава е владеењето на правото, кое се изразува преку почитувањето на граѓанските права.

Граѓанските права ја заштитуваат личноста од произволности на државата и останатите луѓе. Нив ги гарантира самата држава и во нив влегуваат (само основните) правото на живот, слобода и лична неприкосновеност, слобода на движење и избор на постојано живеење, слобода на мислата и вероисповедта, право на праведен, независен и јавен суд и право на одбрана со презумпција на невиност сè додека не се докаже спротивното, на тајност на преписката и секој друг вид на комуникација, слобода на информирање и избирачки права, право да се напушти државата и да се раскине државјанството, право на приватност, достоинство, углед итн.

Во т.н економски права спаѓаат правото на приватна сопственост, претприемаштво..., социјалните права ја определуваат обврската на државата секому да го обезбеди потребниот минимум средства за опстанок (социјална помош, здравствена заштита, право на штрајк и синдикално организирање), додека во културните права влегуваат правото на образование, на достап до културните вредности, слобода на творештвото итн.

Сите овие се  граѓанските права и се неотуѓив дел од животот на луѓето во демократските земји.

Дали една поткултура може да се бори за подобрување на граѓанските права барем во сопствената земја? Нормално дека може.

Тоа се случува со влегување во системот и со образование на сопствени кадри, кои ќе ги познаваат законите пропишани од државата и ќе ги искористат за свои цели. Во спротивен случај ќе имаме ситуација во која ќе ги бараме своите права, а нема да знаеме кои се тие.

Американскиот професор Tricia Rose даба одличен пример за тоа како преку хип-хоп културата може да се бараат права - "не е важно дали текстот е добар или има убиствен ритам со флоу... Пушиш трева? Кулираш? Така не им помагаш на сиромашните. Направи нешто. Учи ги луѓето, учи и ти. Кажи им да ги побараат своите права, појави се во медиумите. Организирај фондови, давај прилози во нив". Освен тоа треба да се информираат политичките активисти и да се работи со нив на полето на социјалната политика. На кои теми? Ги има безброј: криминализацијата на сиромашната младина, информирање и превенција на населението од СИДА, потребата од вработување, понуда на решенија за социјалните проблеми... треба да се искористи секоја можност за промоција дури и да се влезе со непрофитни кампањи со цел инфилтрација во системот.

Еден од претставниците на американската радикална социологија, Рајт Милс, пишува дека еден член на "белите јаки" (така ги нарекува припадницита на средната класа) "секогаш некому му припаѓа, на корпорацијата, на владата, на армијата". Така еден од најчесто споменуваните зборови во хип-хоп агендата е "политичко лидерство" преку кое се бара ангажман на младите лица во креирањето на политиката на државната власт, нешто што во минатото не ги интересираше жителите на гетото.

Да се обучи една личност на политичко лидерство, со харизма и авторитет да ги обедини масите, да ги применува најреалните политички решенија е состојба кон која се стреми хип-хопот. На прашањето зошто е толку важно вклучувањето во системот, би се послужил со едно објаснување што го дадоа Ricanstruction. Според нив се е политика – гладните деца, заводот за социјална помош, религијата, баскет терените... ако некој до сега не го сфатил тоа, тогаш нешто не е во ред со него.

Кога би се вратиле на стратегијата за подобар живот, би можеле да пронајдеме уште многу начини на кои хип-хопот би можел да интервенира во сферата на граѓанското општество. Предавањата во средните училишта и факултетите претставуваат основа за квалитетно образование на младите луѓе околу перспективите на урбаниот живот. Истата улога, само во многу поголем обем можеме да и ја припишеме на рап музиката.

Со некои од своите стилови ја разниша цела Америка и ги направи афроамериканците побогати за еден куп права. Кога им беа повредувани тие права (на пр. Случајот со Rodney King кој беше брутално претепан во 1992 од страна на полицијата на Л.А) тие не се обраќаа до судството и до адвокатите туку до до рап изведувачите, кои го ставија тоа во своите песни и го ширеа низ целиот свет вршејќи отворен притисок врз власта. Музиката стана толку моќен фактор на влијание што "Карл Маркс да живееше во ова време немаше да издава памфлети, туку рап албуми".

Она што е потребно а често се запоставува е потребата од организација. Хип хопот чисто како рап музика е неупотребливо оружје, тој мора да биде комбинирано движење (културно, политичко, економско) за да може да се остварат поставените цели. Тоа се случува најчесто преку непрофитни организации (поставување на програми за бесплатен појадок, план за намалување на етничката и расната нетрпеливост) а поретко и преку политичките движења.

Нормално овој процес е тежок. Дури и во високоразвиените општества постои евтина работна сила, неквалификуваните работници неможат лесно да се организираат, има скриена социјална сегрегација во училиштата, која овозможубва истите високи позиции да се репродуцираат по наследно коленопо генерциска линија и не дава можност за појава на нови вредности кои би го загрозиле стариот поредок, иако според законот во општеството дејствува т.н природен механизам за индивидуална социјална мобилност преку која се доаѓа на определена позиција благодарение на своите способности. Затоа многу често се случува урбаните предградија на финансиските моќници да се даваат за пример на пораз на движењата за човекови права. Многу од тие организации се појавуваат само за искористување на финасиските фондови за свои цели.

Меѓутоа постојат организации коишто се чини дека го изгубиле патот во остварување на своите програмски определби, иако сакаат на свој начин да ги исполанат. Зборувам за организациите што се изгубиле помеѓу бирократскиот систем на работа на институциите, надевајќи се дека од таа позиција ќе можат подобро да ги изведат нивните замисли како борци за човекови права.

На ова место се појавува голем проблем – како да ги штитиме тие права на граѓаните кои им се повредени, кога не се движиме на улиците? Како ќе дознаеме за тие ситуации кога знаеме дека најчесто необразованите луѓе се соочуваат со нив, а тие не знаат на кого да се обратат, затоа што нашите канцеларии се во центарот на градот, а нашите членови се движат најчесто од еден семинар на друг, од една канцеларија во друга...

Тука е местото кадешто влегува хип-хопот со сета сила. Тој е една од ретките културни појави што се родија на улица (може и буквално така да се сфати) и тој факт дури по долго време социолозите, политиколозите и други научни кадри почнаа да го искористуваат за да ја шират идејата за општествен развој  и меѓу припадниците на дискриминираните слоеви, бидејќи пред тоа на постоеше начин да се изведе вклучување во системот на таа популација. Па така, седиштата на тие нови движења се на вистинските места со што тие директно се запознаени со прекршувањето на некои од правата загарантирани со закон на секој поединец. Токму преку рап музиката, начинот на облекување и однесување, социјалните работници се доближуваат до малдите луѓе и помагаат во нивното оспособување за влез во вистинскиот свет.

Многу од тие социјални работници се припадници на хип-хоп културата коишто живеат во тие т.н лоши краеви на градот. Тоа е само дел од исклучителниот придонес што хип-хоп културата го даде во глобалниот развој на движењата за човекови права.

Вистинската борба за граѓански права се води на улиците, а не во институциите.

## Андерграундот на површина
## ( “Del underground a la superficie”)

Подобра реченица за изразување на денешната состојба во која се најде хип-хопот не може да најдете. Што се случува кога едно андерграунд движење исплововува на површината? Дали тоа исплововување има позитивни или негативни последици за движењето?

Овие прашања можеме да ги разгледаме во двете крајности.

Од една страна се оние (научници и истражувачи, пред сѐ) кои го застапуваат ставот дека едно социјално движење мора да се шири на секој начин за да се искористи можноста за што поголем број луѓе да се запознаат со него. Имено, секое од тие движења постои со некоја цел, содржи идеали и пораки. Сериозни повици кон населението (или барем на дел од него) кои се однесуваат на важни делови од нивниот живот. Доколку се држиме до т.н. андерграунд ставови за некомерцијализација, доаѓаме до ситуација кога свесно го замираме потенцијалот на тоа движење. Го нема по медиумите, го нема во политиката, на улиците... тогаш зошто постои тоа движење? Нели целта му беше да придобие што поголема маса за да смени нешто во системот? Како ќе го направат тоа ако никој не знае за нив?

Малку покомплициран е ставот на другата страна, на која се обичните приврзаници на движењето, кои се плашат дека истото ќе ја смени својата насока во процесот на комерцијализација. Нивното размислување оди кон тоа дека андерграундот е финансиски лабилна институција, што и е. Со пробивањето на новите доминантни сили во него, спстојбата е драстично променета. Тој исплива на површината, но по цена на неговите идеали.

Ако се дозволи влез за "туѓите" сили, се дозволува и испуштање на конците од раце. Поедноставно, ако сакате да го проширите своето движење на повеќе полиња (како што кажавме погоре) ќе мора да се обратите до извесни институции и организации што ги имаат финасиите и потребните поврзувања со одредени лоби групи. Истите тие институции нема да помагаат без да земат дел од колачот. Така, тие ве претставуваат по медиумите, што значи дека нив ги гледа народот, тие ги искажуваат вашите барања на политичарите, на OSCE, EU, и кога ќе се освестите, ќе сфатите дека други го водат движењето. Тоа е влегување во сфери, кои се научна фантастика за хипхоперите. А кога ќе се случи тоа, ништо веќе нема да биде исто. Тоа е она од што стравува оваа група.

Постои и трет став: дека дека движењето може да се популаризира без да се комерцијализира. Дали е можно тоа? Да се случне неговата идеја меѓу населението сфатено во пошироки рамки, а притоа да не се внесат трговски методи во овие односи. Да го земеме хип-хопот во нашиот случај. Дали излезе на површината како дел од масовната култура и дали е сменето нешто во неговата идеологија од времето кога се појави?

Не се случува многу често андерграундот да излезе на површината. Тоа се движења чијашто цел не е слава, туку исполнување на определени идеали, желби од животот, сатисфакција на поинаков начин од оној што го промовира официјалната култура. Тоа не е ништо страшно, како што се обидуваат да го прикажат конзервативците, зашто не поттикнува уривање на општествениот поредок. Имено, во антрополошките теории се зборува за два два процеса, два начина на движење на општеството – еволуција и револуција.

Еволуцијата се остварува за време на подолг временски период и по мирен пат, додека револуцијата трае кратко време и се состои од бурни настани. Хип-хопот е еволуциски процес иако донекаде е револуционерно движење (терминот револуција пред сѐ е симболичен израз во неговата платформа).

Да се бара револуција е случај само во недемократските општества со авторитарни или апсолутистички режими, а хип-хопот не се појави таму. Неговиот растеж се одвиваше во општествени состојби на кои им требаше нова енергија за поттикнување на развојот на културните начела коишто самото општество ги постави за своја цел, а не можеше да ги истурка до крај. Но, секогаш “секој поединец што се обидува да развива и да шири социјални иновации се смет за опасен”. Секој нов социјален изум бара промена на нашите морални сфаќања, а тоа тешко се прифаќа дури и во општества во кои тредицијата не е длабоко вкоренета во секојдневниот живот.

Хип-хопот, како што кажавме, е редок случај една поткултура, едно андерграунд движење да стане меинстрим. Тоа се случи со преголемата експлоатација на рап музиката од страна на медиумските магнати, коишто ја увидоа можноста за поголем профит со пакување и продажба на овој производ како стил (моден, музички).

Да се направи мода од искинатите широки панталони, од баскет терените, од пиењето алкохол во паркот, е труд за кој треба да се оддаде почит. Она што вчудоневидува е фактот што хипхоперите ја прифатија оваа транзиција кон комерцијализам знаејќи дека оваа култура нема да успее да се одржи како социјално движење.

За ова беше пишувано малку погоре во овој текст. Да седнат на кормилото им беше дозволено на продуценти од Sony Music, бизнисмени од високите кругови на општеството, политичари, па дури и модни креатори, кои го однесоа хип-хопот на едно повисоко ниво. Тоа е факт- со нивна помош тој се вивна кон врвот. Она што нас треба да не интересира е прашањето што доби хип-хопот како култура со тој пресврт на културолошката сцена?

Тешко е да се одговори на ова често поставувано прашање.

Покрај негативните ефекти што ги наброивме, не би било во ред да ги заборавиме и позитивните. Истите лица што го комерцијализираа овој феномен за свои цели, направија тој да се прошири низ целиот свет, давајќи можност на огромната популација да се запознае со него. Милиони малди луѓе од целиот свет се пронајдоа во него благодарение на неговото меинстрим влијание. Исто така, многу рап изведувачи излегоа од гетото со својата музика.

Тоа се случува кога на една поткултура ќе и се дадат конформистички димензии. Сепак би рекол дека хип-хоп културата изгуби многу повеќе отколку што доби. Зборувам за онаа нишка на сериозност што и беше придодавана до пред неколку години. Само на тој начин можеше да влезе во учебниците по антропологија, историја, социологија, политикологија... Ситуацијата денес е таква што кога се зборува за хип-хоп се мисли на музика.

Дали движењето ја изгуби својата насока? Хмм... може да се каже дека се случи тоа. Постоеше мислење дека андерграундот секогаш ќе остане непопуларно движење, а секој обид да се смени тоа ќе резултира со неуспех. Но, не е секогаш

така. Само колку да ни покаже официјалната култура дека може да си игра со сите нас и дека мораме да ги прифатиме нејзините правила на игра, а таа ќе ги менува потоа кога ќе посака и како сака.

Кон што се движи хип-хопот е главното прашање на кое треба да се обрне внимание. Некои предвивувања укажуваат на најлошото: дека рап музиката ќе се измени до толку што ќе и дојде крајот на хип-хоп културата. Некои се многу пооптимистички расположени, велат: хип-хопот ќе го преземе целиот свет.

*Извадок од книгата „Хип Хоп Книга“, од Славчо и Александар Ковилоски, издадена во 2007 година, во издание на Просветно Дело.*